**ПРИКАЧЕНО НА ОГЛАСНА ТАЛБА НА ДЕН 08.07.2024 ГОДИНА**

Република Северна Македонија
ОСНОВЕН СУД
БИТОЛА П4-26/24
08.7.2024 година

Кирил Јовановски

# Д о с т а в н и ц а
## з а л и ч н а д о с т а в а

Примач:
**ДПТУ Е& С Холдинг**
ул.Прилепска бр.7
Битола

Именување на актот што се доставува :
Пресуда од 21.05.2024 година

1.Ако лицето до кое писменото мора лично да се достави не се затече таму каде што треба да се изврши доставувањето, доставувачот ќе побара известување кога и на кое место би можел да го затече тоа лице, и ќе остави на некој од неговите полнолетни членови на домаќинството, односно на лицето кое работи на исто место, ако тоа се согласи писмено известување заради примање на писменото да биде во определен ден и час во својот стан, односно на своето работно место.

Ако и по ова доставувачот не го затече лицето до кое треба да се достави писменото, тогаш писменото ќе го остави во станот или во просториите каде што односното лице работи или писменото ќе го прикачи на вратата од станот или просторијата и со тоа се смета дека е извршено доставувањето.

Ако се утврди дека лицето до кое треба да се достави писменото е отсутно и дека некои од неговите полнолетни членови на домаќинството, или лицето кое работи на на исто место не можат писменото навреме да му го предадат ќе се врати писменото во судот со начначување каде се наоѓа отсутниот.

2.Кога лицето до кое е упатено писменото односно полнолетниот член на неговото домакинство односно овластеното лице или работникот на државен орган или на правно лице без оправдани причини ке одбие да го прими писменото, доставувачот ке го прикачи на вратата од станот или просторијата.

Ако примачот одбие да ја потпише доставницата, доставувачот тоа ќе го забележи на доставницата и ќе го испише со букви денот на предавањето и со тоа се смета доставувањето е извршено.

Ако примачот е неписмен или не е во состојба да се потпише, доставувачот ќе го испише неговото име и презиме и со букви денот на приемот и ќе стави забелешка зошто примачот не ставил свој потпис.

Причини за одбивање на приемот ______________________________

______________________________________________________________

______________________________

Број на прилозите _____

Потврдувам дека го примив напред озчанечиот акт (со букви) ___________

____________________

Потпис на примачот

____________________

____________________

Потпис на доставувачот

____________________

____________________

Образец СД 27 ( член 202 од Судски деловник ) - Доставница за лична достава во граѓански предмети - бела боја ( се употребува и во управни спорови ).
Формат (500х320)

П4-26/24

ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ОСНОВНИОТ СУД ВО БИТОЛА со судијата Кирил Јовановски како судија поединец одлучувајќи по тужбата на тужителот Кире Божиновски од Битола ул.Ѓорѓи Ѓорѓиев бр.2Б застапуван од полномошник адвокат Бојан Додовски од Битола против тужениот Друштво за производство, трговија и услуги Е&С ХОЛДИНГ ДОО увоз-извоз Битола ул.Прилепска бр.7, основ долг, вредност 924.000,00 денари, без одржување на рочиште на ден 21.05.2024 година ја донесе следната

## П Р Е С У Д А

- поради неподнесување на одговор на тужба-

СЕ УСВОЈУВА тужбеното барање на тужителот.

СЕ ЗАДОЛЖУВА тужениот Друштво за производство, трговија и услуги Е&С ХОЛДИНГ ДОО увоз-извоз Битола да му плати на тужителот Кире Божиновски од Битола по основ долг износ од 924.000,00 денари со законска казнена камата во висина на референтната стапка на НБ на РСМ што за секое полугодие важела на последниот ден од полугодието што му претходело на тековното полугодие зголемена за 8-осум процентни поени сметано од 26.07.2023 година до денот на исплатата, се во рок од 15 дена од приемот на оваа пресуда.

СЕ ЗАДОЛЖУВА тужениот да му ги надомести парничните трошоци на тужителот во вкупен износ од 18.100,00 денари во рок од 15 дена по приемот на оваа пресуда.

Поголемото барање на тужителот за надомест на трошоците на постапката над досудениот износ до бараниот износ од 21.100,00 денари СЕ ОДБИВА.

### О б р а з л о ж е н и е

Тужителот преку својот полномошник до овој суд поднесе тужба против тужениот во која наведе дека на ден 26.05.2023 година тужителот како заемодавач и брат на содружникот на заемопримачот -тужениот како заемопримач склучиле Договор за заем на парични средства кој бил уредно потпишан од двете страни. Во чл. 2 од Договорот за заем на парични средства наведено било дека заемодавачот се обврзува на заемопримачот да му даде позајмица во износ од 15.000,00 евра во денарска противвредност односно износ од 924.000,00 денари од кои износ од 615.000,00 денари ќе му исплати на денот на склучувањето на договорот, а остатокот во рок од 10 дена сметано од денот на склучувањето на договорот 26.05.2023 година.Тужителот ја исполнил својата обврска превземена со договорот па во два наврати го уплатил договорениот износ на т.с. на име на тужениот и тоа: на ден 26.05.2023 година му уплатил износ од 615.000,00 денари, а на ден 08.06.2023 година износ од 309.000,00 денари. Во чл.3 е наведено дека ...Заемопримачот се обврзува, заемот да го врати во рок од 60 дена сметано од денот кога е склучен договорот. До денот на поднесувањто на оваа тужба тужениот не ја исполнил својата обврска односно не го вратил заемот во предвидениот рок. Поради тоа, а согласно 313 ст 1 од ЗОО тужителот ја поднесе предметната тужба со која побара да се задолжи тужениот да му плати на тужителот на име долг износ од 924.000,00 денари со законска казнена камата

сметано од 25.07.2023 година.Докази достави.Трошоци побара.Во прилог на тужбата тужителот достави : тековна состојба, договор за заем на парични средства од 26.05.2023 година, налог за пренос на средства-x2, извод од сметка од банка-x2.

Тужбата со доказите му е доставена на тужениот на одговор согласно одредбата од член 269 од Законот за парничната постапка, кој уредно ја примил тужбата со доказите на ден 29.04.2024 година , но во определниот рок од 15 дена од приемот на тужбата и доказите, ниту до денот на одлучувањето не доставил одговор на тужба или пак било каков друг поднесок .

Согласно одредбата од членот 319 ст.1 од Законот за парничната постапка, пропишано е дека ако тужениот не поднесе одговор на тужба во определениот рок, судот ќе донесе пресуда со која го усвојува тужбеното барање (пресуда поради неподнесување на одговор на тужба ) ако бидат исполнети следните услови:

(1) на тужениот тужбата и поканата за давање одговор на тужба да му биле уредно доставени,

(2) основаноста на тужбеното барање да произлегува од фактите наведени во тужбата,

(3) фактите врз кои се заснова тужбеното барање да не се во спротивност со доказите кои тужителот ги поднел или со општо познати факти и

(4) да не постојат општо познати околности од кои произлегува дека тужениот од оправдани причини бил спречен да поднесе одговор на тужба.

Според став 2 од истиот член судот нема да донесе пресуда поради неподнесување одговор на тужба и кога се исполнети условите од горецитираниот став, ако најде дека се работи за барања со кои странките неможат да располагаат а в.в. со член 3 од ЗПП.

Во конкретниот случај на тужениот уредно му е доставена тужба со докази за давање на одговор, но одговор на тужба не е доставен во рокот од 15 дена .Основаноста на барањето на тужителот произлегува од фактите наведени во тужбата и фактите не се во спротивност со приложените доказа. Во исто време не постојат општо познати околности од кои би произлегло дека тужениот од оправдани причини бил спречен да поднесе одговор на тужба. Исто така судот отцени дека се работи за барање со кое тужителот може слободно да располага, па од овие причини судот го усвои тужбеното барање и одлучи како во изреката на пресудата.

При изготвувањето на одлуката, судот во согласност со член 327 ст.5 од ЗПП, во свое образложение ги изнесе само причините што го оправдуваат донесувањето на вакви пресуди, помеѓу кои и пресудата поради неподнесување на одговор на тужба.

Правото на тужителот произлегува од одредбите од член 10 од ЗОО, каде е предвидено дека учесниците во облигациониот однос се должни да ја извршат својата обврска и се одговорни за нејзиното исполнување, чл.18 од истиот закон договорот е склучен кога договорните страни се спогодиле за суштествените состојки на договорот, чл.251 доверителот е обврзан, односно овластен да бара од должникот исполнување на обврската, а должникот е должен да ја исполни совесно како што гласи обврската, чл.266 од истиот закон должникот кој ќе падне во задоцнување, покрај главницата долгува и камата и чл.313 ст.1 предвидува дека должникот паѓа во задоцнување кога доверителот ќе го повика да ја исполни обврската ако рок не е предвиден, како и согласно одредбите од писмениот договор склучен помеѓу странките.

Бидејќи тужителот успеа во спорот, следуваше судот согласно 148 и член 149 од ЗПП, АТ и Законот за судските такси, да го задолжи тужениот да му ги

надомести трошоците предизвикани во текот на постапката во износ од 18.100,00 денари кои се однесуваат за состав на тужба со вклучено 30% паушал износ од 9.100,оо денари, за такса за тужба износ 6.000,00 денари и за такса за пресуда износ од 3.000,00 денари.

Поголемото барање на тужителот за надомест на трошоците над досудениот износ до бараниот износ од 21.100,00 денари овој суд го одби како неосновано бидејќи се работи за пресуда поради недавање одговор на тужба каде таксата за одлука е половина од таксата за тужба.

С у д и ј а
Кирил Јовановски

ПОУКА: Против оваа пресуда дозволена е жалба во рок од 15 дена по приемот, преку овој суд до Апелациониот суд во Битола.

Д-НА: На полномошникот на тужителот и на тужениот

НАЛОГ ЗА ТАКСА: СЕ ЗАДОЛЖУВА тужителот во рок од 5 дена од доставување на преписот од оваа пресуда да плати такса за одлука во износ од 3.000,00 денари на Буџетска сметка на РСМ 100000000063095 при НБ на РСМ, уплатна сметка 840 103 03338 приходна шифра 722211 за правни лица, во спротивно истата ќе се наплати присилно преку решение на Управата за јавни приходи зголемена за 50 % по основа на казнена такса

ЈС